# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 декември 2003 година

Седницата се одржа во сала на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по бара ње на претседателот на Република Македонија, г. Борис Трајковски.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на армијата на Република Македонија, дипломатските претставници на странски држави акредитирани во Република Македонија .

Дозволете ми од ваше и мое име да ги поздравам присутните гости.

Го молам претседателот на Република Македонија г-динот Борис Трајковски да му се обрати на Собранието.

БОРИС ТРАЈКОВСКИ:

Почитуван Претседател на Собранието, почитуван претседател на Владата на Република Македонија , почитувани министри, екселенции, дами и господа пратеници, почитувани граѓани на Република Македонија.

Како претседател на Република Македонија, денеска ја исполнувам мојата уставна должност да и се обратам на оваа ценета институција и на целата македонска јавност. Таа обврска секоја година ја извршувам со гордост и со највисока почит кон својата земја и нејзините закони.

Среќен сум што во воведот на моето денешно излагање можам да констатирам дека Република Македонија се движи во вистинската насока. Меѓутоа,

не би бил доследен кон функцијата што ја извршувам ако нé спомнам дека државата, исто така, се соочува и со повеќе проблеми, пред се од економска природа.

Во ова обраќање ќе ги опфатам најважните прашања што ја засегаат земјата: имено, Рамковниот договор, безбедносната состојба, владеењето на правото, економијата, заложбите за членство во НАТО и ЕУ и други прашања од интерес за сите граѓани. Сакам да ги истакнам не само позитивните, туку и негативните работи и да ја изложам пред вас мојата визија за перспективите на Република Македонија и начинот како да ги реализираме, за доброто на сегашните и идните генерации.

Рамковниот договор е сигурно најчесто цитираниот документ во нашата понова историја, што доволно зборува дека се работи за текст со исклучителна историска релевантност. Се ближиме кон крајот на донесувањето на целосната правна регулатива за успешно спроведување на Рамковниот договор, што претставува голем чекор напред кон реформите што ќе не приближат кон европските стандарди на демократијата. Сепак, она што е посебно важно не е само формалното исполнување на обврските од Договорот, туку, пред се искрената намера и убеденоста на луѓето дека тие решенија се праведни. Неопходно е да се смени менталитетот на поединците, со цел да се надминат предрасудите кои претставуваат најголема закана и за најдобрите идеи што ги носи новото време.

Се разбира дека нема да биде умно ако при неговата реализација се направи политички превид со додавањето нови содржини, кои ниту со екстензивно правно толкување не можат да бидат составен дел на Договорот, што ќе претставува непријатен преседан.

Изминатава година ја потврди успешноста на нашиот модел за решавање на меѓуетничките недоразбирања и уникатниот начин на регенерирање на едно пост-конфликтно општество. Со право се надеваме дека таквиот пример и во иднина ќе биде поддржуван од релевантните меѓународни фактори како единствен позитивен пример на мултиетничката демократија во регионот, од каде во минатото доаѓаа само лоши вести.

Идејата на последниот пакет закони од областа на децентрализацијата е да ја засилат  демократијата и капацитетот на институциите, кои треба да им служат на граѓаните поефикасно.

Имено, конституирањето на новите општини треба да се потпира врз перспективите за просперитет, а не врз етнички предрасуди или партиски

комбинаторики. Во европската Конвенција за локална самоуправа децидно е наведено дека евентуалното повлекување на нови општински граници не смее да оди спротивно на волјата на локалното население, затоа што целта на концептот е рамноправност, а не доминација на една група врз друга и се разбира повеќе а не помалку демократија. При донесувањето на овие закони треба да се води грижа и за економскиот и инфрастуктурниот развој на единиците на локална самоуправа. Како пример сакам да го истакнам искуството од 1996 година до денеска, кое покажа дека руралните општини постигнаа мошне значајни успеси, бидејќи тие се поблиску до граѓаните и подобро ги знаат нивните потреби.

Притоа, убеден сум дека трите закони за децентрализација треба да почиваат врз широк политички консензус и би рекол и граѓански консензус. Пристапот кој би го фаворизирал механичкото собирање на потребните парламентарни гласови, наспроти волјата на значаен дел од електоратот, ќе биде спротивен на принципите од кои се раководевме во Охрид - долгорочните интереси на земјата, како и на самата суштина на демократијата. Затоа е неопходно со децентрализацијата власта вистински да им се приближи на граѓаните и да не се повтори да имаат чуство дека некој друг, сега во некој општински центар, одлучува за нивните приоритети во комуналното живеење.

Последната фаза од имплементацијата на Рамковниот договор ќе заврши кога ќе се заврши правичната застапеност на етничките заедници на сите нивоа во државните структури. Досегашните ефекти во овој процес потврдија дека кредибилноста на институциите и стабилноста на државата се поголеми кога сите граѓани ја преземаат одговорноста за нејзината иднина.

Темелите на Република Македонија треба да почиваат врз квалитетните мултиетничките проекти во сите сфери, особено во областа на образованието. Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово покажа дека во оваа земја, која им припаѓа на сите подеднакво, високото образование на етничките заедници може само да додаде, а не и да одземе од заедничките вредности во кои ние сите веруваме. Во тој контекст денес, пред актуелните политички лидери, не треба да се поставува дилемата - дали е подобро да продуцираме кадри со висок квалититет, или е поважно да се мултиплицираат образовните центри по секоја цена и да се трошат лимитираните финансиски средства во создавањето на институции кои не можат да ги следат прогресивните трендови. Ова ќе биде штетно за сите нас, а најмногу за едукацијата на младите луѓе кои објективно ќе заостануваат зад своите врсници во другите земји. Убеден сум дека оваа дилема нема никаков етнички предзнак во себе и

се однесува на визијата што сите треба да ја имаме за европска Република Македонија.

Чувствувам посебно задоволство што во моево годишно обраќање делот за безбедноста е значително покус за разлика од изминатите две години. Иако проценките укажуваат дека на територијата на Република Македонија се уште постојат неколку вооружени екстремни групи и поединци со деструктивни намери, сепак нивниот потенцијал да предизвикаат поширока дестабилизација е исклучително лимитиран. Ваквата констатација не ја намалува одговорноста на надлежните органи за создавање услови за враќање на преостанатите раселени лица и да се обноват сите оштетени куќи од конфликтот. Иако знам дека најголемиот дел од работите се завршени, оставањето на само една разурната куќа и останувањето на само еден човек во прифатните центри ќе претставува морален пораз за сите нас.

Луѓето со криминална агенда и идеологија за создавање на големи национални држави во кои сите останати се мали, во овој момент не поседуваат атрактивен политички концепт, немаат изградена структура и не се поддржани од граѓаните. Основната задача на политичарите и на надлежните органи е овие групи политички да ги изолираат и да ги неутрализираат.

Актуелните и идните закани за демократијата ќе доаѓаат од елементи на организираниот криминал, што може да ги опструира напорите за изградба на просперитетно општество. Државата тука мора да ги дуплира активностите за елиминирање на тешките форми на криминал, кои што достигнаа недозволено високо ниво. Акцијата за собирање на илегално оружје имаше одредени ефекти, но повеќе од јасно е дека комплексниот проблем со криминалот кој го имаме не може да се реши со кампањски приод во лимитиран временски период.

Пред три дена заврши присуството на странски воени мисии во Македонија. Новата полициска мисија “Проксима” треба да ги поддржи нашите напори насочени кон суштинска трансформација на внатрешните работи и да помогне во достигнувањето на европските стандарди во владеењето на правото и борбата против организираниот криминал.

Идната година во Истанбул се одржува Самитот на НАТО, на кој ќе биде потврдена политиката на отворена врата за следниот круг на проширување на Алијансата. Оваа година ни претстои концентрирање на сите напори и ресурси заради интензивирање на реформите во одбраната и безбедноста. Уверен сум дека на Самитот ќе се потврди статусот на Македонија како најсериозен кандидат за членство

во НАТО. Република Македонија треба и понатаму да го продолжи процесот на трилатерална соработка со Хрватска и Албанија започнат во Прага, а преточен во Јадранската повелба, промовирајќи го новиот концепт за регионална безбедност кој треба да се прошири со новите членки во регионот.

Две групи на фактори претставуваат потенцијал кој не може да биде лесно игнориран од носителите на одлуките, а се однесуваат на интерниот пакет на реформи во одбраната и стратешките причини за нашето институционално интегрирање во НАТО. Почитувајќи ја новата реалност и опасноста од неконвенционалните закани, Армијата мора дефинитивно да излезе од стариот концепт, каква што беше во комунизмот, и да се трансформира во сила за подршка на полицијата кога ќе биде проценето дека тоа е навистина неопходно.

Интегрирањето на етничките заедници во Армијата, полицијата и разузнавачките служби се издвојува со своето мултидимензионално значење за добивање кредибилни, непристрасни и професионални агенции за примена на законот, што ќе бидат респектирани од граѓаните, независно од нивната етничка припадност.

Според Уставот, улогата и надлежностите на врховниот командант на армијата во овој сегмент се дадени мошне прецизно и моја намера е таа позиција да ја користам и во иднина, како и досега, за иницирање на силна подршка на неопходните реформи, чиј што јасен државен карактер и значење не дозволуваат тие да бидат третирани исклучително како партиски или коалициони проекти .

Многу спротивставени мислења беа искажани во врска со одлуката да испратиме наши војници во Ирак во рамките на меѓународната коалиција против тероризмот. Оние кои не сакаа да ја разберат понудената разумна аргументација, иако е повторена многу пати, сакам да ги поканам уште еднаш јавно да објаснат дали е возможно да се биде кредибилен член на колективните безбедносни системи, а реалните закани кон тие сојузи од противниците на демократијата да бидат проследувани само со вербални коментари и теоретски расправи околу заедничките вредности кои наводно ние ги делиме со нашите сојузници. Јас и луѓето кои застанаа зад таа одлука го знаеме одговорот. Во врска со Ирак, мислам дека еден настан треба посебно да се одбележи заради своето значење, а тоа е лишувањето од слобода на долгогодишниот диктатор Садам Хусеин. Ова треба да претставува пример, но и поука за сите оние кои им нанесуваат болки и страдања на луѓето - дека правдата е

бавна, но и достижна. За овој чин коалиционите сили, и посебно САД и претседателот Буш, заслужуваат честитки.

Во изминативе месеци водевме интензивна политичка и експертска расправа околу можноста формално да аплицираме за членство во Европската унија. На маса беа ставени две групи на аргументи - првата, која нашите постигнувања ги споредуваше со прецизните бирократски правила на Унијата, со кои понекогаш имаат проблеми и најстарите членки на Унијата - и втората, која прашањето го поставуваше и го разгледуваше во стратешки рамки.

Сосема е јасно дека поддржувачите на првиот пристап се во право кога велат дека сеуште ние сме далеку од Европа, како што беа и земјите членки кандидати во времето кога и тие поднесуваа апликација. Меѓутоа, сметам дека е подобро ако во прилог на нашата апликација ги понудиме, јас би рекол сега пет, меѓутоа мислам дека има десетина поинакви аругменти. Но, јас би понудил пет аргументи од овој карактер. Прво, апликацијата ќе ја засили внатрешната кохезија во Република Македонија, затоа што во прилог на ЕУ се изјаснуваат огромното мнозинство наши граѓани, независно од етничката припадност.

Второ, статусот на кандидат ќе ни овозможи пристап до структурните фондови на Унијата, кои имаат потенцијал сериозно да ги поддржат нашите напори за излез од економската рецесија.

Трето, влегувањето во процедура, и подоцна во преговори со Унијата, е несомнено јасен сигнал за потенцијалните странски инвеститори дека ние повеќе не сме на мапата на ризичните региони.

Четврто, Република Македонија на тој начин станува модел и за останатите земји од Западен Балкан и придонесува за неговата европеизација. И последно, но не и најмалку важно, институционалното приближување кон Унијата, без сомнение ќе ги релаксира односите во целиот регион во пресрет на последните геополитички позиционирања за 2005-та година. Во целиот контекст, воопшто не е за потценување фактот дека овие денови во сите земји-членки на ЕУ приврршува процесот на ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, која први ја потпишавме во регионот и со тој чин и први го реализираме нејзиниот формален аспект.

Силна поддршка за процесот на интеграциите е интензивираната регионална соработка, кон која конечно во последните две години како држава сме поставени на сосема нов начин, за разлика од поранешниот статичен и безидеен пристап кој доминираше во надворешната политика со години. Заедничкото обраќање на петте

претседатели од Западен Балкан до Самитот во Копенхаген, заедничкиот настап на тројцата претседатели во Прага, самитот на петмината лидери во Охрид, трилатерлнниот самит посветен на коридорот 8 и големиот регионален форум Дијалог меѓу цивилизациите о сите други активности на надворешен политички план кој ги презем аи Владата се само серијата примери од новиот автентичен концепт за соработка, во чии рамки земјите од регионот покажуваат европско однесување.

Дозволете накратко да се осврнам и на нашата надворешна политика, со посебен акцент на односите со соседите. Оваа година во соработката во Република Грција најзначајно беше ратификувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ и лидерството и определеноста што ја покажа Република Грција за интегрирање на регионот на југоисточна Европа во Европската унија. Искрено очекувам таа да продолжи да биде наш промотор и да дава подршка за нашето полноправно зачленување во ЕУ. Искрено очекувам таа да продолжи да биде наш промотор и да дава подршка за нашето полноправно зачленување во Европската Унија. Годините што поминуваат не ја намалуваат важноста на разговорите со Република Грција околу разликите со името, затоа што се работи за прашање со исклучителни историски и стратешки референци за нацијата и државата. Очекувам во блиска иднина спорот биде надминат со единственото праведно и меѓународно-правно издржано решение, а тоа е почитување на суверенето право на една независна држава да се нарекува со името што самите нејзини граѓани го избрале.

Соработката со Република Албанија во изминатава година доби нов квалитет и интезитет. За прв пат се одржа заедничка воена вежба на армиите на Македонија и Албанија. Заеднички соработувавме во нашите настојувања за интеграција во НАТО и ЕУ. Реализирани се бројни средби на највисоко ниво. Економската соработка заостанува зад можностите, посебно што имаме спогодба за слободна трговија.

Во односите со Бугарија продолжен е трендот на перманетно јакнење на соработката и честите контакти на највисоко ниво. Во периодот што следи треба да се зајакнат активностите за интензивирање на економската соработка. Претстојното зачленување на Република Бугарија во НАТО и ЕУ е дополнителен позитивен елемент на којшто ќе треба да се темелат нашите идни иницијативи во развојот на односите со неа. Македонија го поддржува што побрзото зачленување на државната заедница Србија и Црна Гора во иницијативата Партнерство за мир и нивното

интегрирјање во ЕУ и НАТО, како наш специфичен интерес и како придонес кон натамошното стабилизирање на регионот.

Започнатите разговори меѓу Белград и Приштина претставуваат вистински пат во насока на решавањето на отворените прашања. Позицијата на меѓународната заедница за “стандарди пред статус” е прагматичен приод. За одбележување е дека во соработката со привремената администрација на Косово беа отворени два премина за пограничен сообраќај, што претставува и наш конструктивен придонес за практично олеснување на сосотојбите на Косово.

Од своја страна, меѓународната заедница треба да настапи со сеопфатна стратегија кон регионот, со која нема да реши едно прашање, а притоа да отвори серија други. За таа цел, клучните меѓународни фактори треба да ги убедиме во релевантноста и легитимноста на нашите интереси, за кои е од есенцијално значење зад себе континуирано да имаат најширок можен општествен консензус, вклучувајќи ги сите граѓани. Потребно е градење на автентична, но истовремено крајно објективна позиција, втемелена во реалноста, а не во емоциите. Интерес над интересите на нашите граѓани е да се сочува територијалниот интегритет и суверенитет на земјата и нејзините евро-атлантски перспективи.

Сите држави во регионот треба да добијат понуди за членство во НАТО и во ЕУ со дефинирани временски фази за сукцесивно пристапување во следните 10 - 12 години, со што ќе им биде јасно на сите, а особено на оние со мапите од минатите векови во главите, дека процесот на европеизација на Балканот е неповратен. Во исто време, сите контакти и релации со Косово кои не ја допираат темата на финалниот статус, а тоа значи економијата, трговијата и континуитетот на контакти за решавање на сосема практични работи, можат само да го релаксираат целукупниот амбиент и кај нас и во регионот. Досега на тој план не е многу направено.

За демаркацијата на северната граница зборував и во моето минатогодишно обраќање пред вас и, за жал, по тоа прашање не е констатиран напредок. Неопходно е да ги реафирмираме нашите аргументи, кои се потполно легитимни и одамна меѓународно верификувани.Поинаквото постапување ќе значи охрабрување на оние кои веќе понудија нови граници за Балканот. На сите треба да ни е јасно дека во таков случај ние, како држава, регионот и Европа, ќе бидеме најголемите губитници.

Почитувани дами и господа,

Не само како на Претседател, туку пред се како на човек мошне ми е непријатно да констатирам дека државата не успеа, во целата 2003-та година,а и од порано на

унесреќените семејства на сите киднапирани и исчезнати лица од конфликтот во 2001-та година да им понуди барем некаков, наместо никаков одговор на нивното единствено и најважно барање. Државните органи се тие кои го одбираат патот по кој ќе дојдат до вистината и за таа цел можат да се формираат комисии и да се распишуваат награди, но луѓето кои ја бараат вистината повеќе од две година се најмалку заинтересирани за процедурата - тие едноставно го чекаат одговорот и државните органи се единствените кои се платени и одговорни да дојдат до него. Јас не во функција на претседател, меѓутоа како граѓанин и како личност кој често пати сум се среќавал со нив би предложил на Собранието доколку можете, тоа беше нивна желба, една точка посебна да расправата околу ова прашање. Го пренесувам нивниот став.

Мојот мандат како претседател на Република Македонија го започнав со секојдневни средби и разговори со обичните луѓе од сите слоеви на населението и сакам да продолжам со таа практика. Политичките функции се делегирани од граѓаните и политичката одговорност се поднесува пред нив. За жал, кабинетското управување со судбината на луѓето, наместо да биде дел од лошото минато, останува доминантен стил на однесување на повеќето политичари на одговорни функции.

Не смееме да дозволиме да се легитимираат како автентични претставници на народот оние политичари со наводно елитистички ставови, кои имаат потреба од луѓето само еднаш на четири години, кога треба да го добијат или продолжат својот мандат. Со изборот на такви луѓе се создава привид на демократијата во која граѓаните се држат во заблуда дека управуваат со својата судбина, додека наместо нив всушност тоа го прават оние кои во нивно име се грижат исклучително за своите приватни, партиски или семејни интереси.

Сакам да се осврнам на две актуелни политички тенденции кои можат да го доведат под сомнение демократскиот потенцијал.

Кохабитацијата меѓу носителите на јавни функции е политички аксиом во демократијата, но, за жал, кај нас се случи, заради однесувања спротивни на тој принцип, да не можеме да ги конституираме двата клучни органи на политичката и судската власт во Македонија - Уставниот суд и Републичкиот судски совет. Тоа е сериозен хендикеп за нашите напори да го консолидираме правниот систем и поредок во целина. Во целокупната регулатива на правата и обврските на Претседателот се поаѓа од идејата на уставотворецот претседателот на Републиката, на кого му се забранува вршење на друга политичка функција, што

подразбир алиде на политичка партија во одредени случаи да биде коректор на извршната политичка власт. Таков е случајот со правата на Претседателот да одлучува или да предлага одредени кадровски решенија, а сето со единствена цел да се спречи целосната партизација на органите на власта.

Втората појава која загрижува се некои сигнали на политички реваншизам, што се видливи во процесот на рационализација на администрацијата или во полициско-судските постапки, кога се добива впечатокот дека политичките убедувања на луѓето дополнително ја отежнуваат нивната положба. Република Македонија нема да се одлепи од балканскиот просек на земјите во транзиција ако наместо стручните квалитети на луѓето, нивните приватни убедувања бидат основен критериум за задржување на работните места, за напредување во кариерата или избегнување на кривичната одговорност.

Минатата година од ова исто место предупредив на една потенцијална опасност која може да ги дискредитира конечните ефекти на борбата против криминалот и корупцијата. Се работи за потребата државните органи да работат транспарентно, да ги почитуваат правата на луѓето и нивниот личен и семеен дигнитет и до конечната одлука да го почитуваат принципот на презумпција на невиност на лицата под истрага. Имајќи го тоа предвид, за жал, дека неколку такви случаи веќе се забележани. Сакам да повикам да дадеме придонес за зацврстување на правната држава и да не дозволиме сосема легитимната намера за санкционирање на криминалните однесувања да биде дефинирана како за жал, политички реваншизам.

Почитувани пратеници,

Имајќи ги предвид моите надлежности, но истовремено и мојата обврска како шеф на државата без претензии да навлегувам во поединости, ќе се осврнам на визијата за економски развој, бидејќи тоа е едно од најзначајните прашања за граѓаните.

Подобрувањето на животниот стандард, зголемување на вработеноста преку отворањето на нови работни места, давањето можност секое семејство да обезбеди приходи за достоен живот, со право се прашања од приоритетен интерес за нашите граѓани. Барем од сит еистражувања ова прашање е најактуелно кај граѓаните и најмногу коментираат дали се задовлни или не задовлни од економските постигнувања. Транзицијата трае предолго, во стопанството состојбата е далеку од позитивна, невработеноста е превисока. Владата мора да преземе мерки за надминување на тешката економска состојба, да отвори нов инвестиционен циклус, да преземе мерки за зголемување на странските и домашните инвестиции, бидејќи без

тоа нема економски просперитет. Создавањето на економски амбиент за развој на приватниот сектор и претприемаштвото е една од најзначајните и приоритени задачи.

Не смееме да дозволиме државните органи да се однесуват како на инвеститорите да им правиме услуга што вложуваат во нашата економија. Граѓаните на Република Македонија располагаат и со капитал и со претприемачки вештини. Овој потенцијал треба да се искористи. Банкарскиот систем мора да биде во функција на развојот. Во услови кога во светот каматите го достигнаа најниското ниво, во Македонија се уште имаме двоцифрени камати, и мошне сложените бакарски процедури, со што идните инвеститори се обесхрабуваат да позајмуваат средства за развојни проекти. Исто така, не е добро банките речиси целокупните заштеди на нашите граѓани да ги чуваат во странство, туку е неопходно значаен дел од нив да ги пласираат во профитабилни проекти, кои ќе бидат во функција на развојот на Македонија.

Сакам уште еднаш да го повторам она што го реков во моето обраќање мината година, имаше и реакција, но мислам дека со право и овој пат ќе повторам дека не смееме да дозволиме работниците по неколку месеци да не примаат плати, со години да не им се плаќаат придонесите за пензиско и здравствено осигурување. Но, истовремено, не смее да се дозволи работниците да се искористуваат за узурпирање на правата на сопствениците.

Денеска е се поголема конкуренцијата за привлекување на странски инвеститори. Македонија треба активно да работи на создавање услови за странските инвеститори, да ги убеди да дојдат во Македонија. Меѓутоа, за создавање на таков амбиент неопходна ни е ефикасна администрација и ефикасен судски систем, кој ќе обезбеди заштита на сопственоста. Наместо тоа, имаме бавно судство кое пресудите непотребно ги оддолжува, како и бирократски лавиринти, што се заедно создава несигурност, го отежнува инвестирањето и ги одбива идните инвеститори. Ова се причините зошто во изминатава година имавме толку малку странски, но и домашни инвестиции. А без нив нема развој, нема отворање нови работни места, нема подобар животен стандард.

Дозвелете ми накусо да се осврнам и на едно мошне значајно прашање за граѓаните. Имено, на тие кои го немаат решено станбеното прашање неопходно е банките да им обезбедат кредити со каматни стапки како во земјите на Европската унија. Не смее да продолжи со практиката на високи камати, кои ги прават станбените кредити прохибитивни, а сонот на многу граѓани за сопствен дом

недостижен. Затоа Владата мора, по примерот на развиените пазарни економии, да донесе мерки кои ќе го направат ова кредитирање прифатливо.

Говорејќи за економијата, не можам а да не ги споменам луѓето со кои оваа година најчесто се среќавав, затоа што и дадов ветување дека за ова ќе зборувам. Оваа година сме соочени со низа негативни појави во овој значаен сектор. Имено, во земјоделието, дел од земјоделското производство остана непродадено, обвските за откуп не се исполнуваат, а исплатата на она што е откупено доцни. Сево ова негативно влијае врз земјоделците, и затоа во периодот што следува треба да се донесат мерки со кои ќе се елиминираат овие недостатоци. Неопходна е стратегија за развој на земјоделието, во која ќе бидат инкорпорирани инструменти што ги користи Европската унија за поддршка на овој сектор, кој е од стратешко значење.

Македонија мора да има визија за економскот развој бидејќи тоа е едно од најзначаните прашања за граѓаните За оваа визија треба да постои консензус кај сите политички партии.Светската економија влегува во една нова фаза. Имено, ниту индустриските капацитети, ниту суровните, ниту било какви природни богатства во земјата не се доволна основа за економски развој. Тоа е делот наречен класична економија Затоа, покрај традиционалните гранки, мора да се свртиме кон развојот на новите сектори кои се носители на т.н. економија базирана на знаењето. Инфоматичката и телекомонукационата технологија, способноста за иновации и нивното ефектурање на пазарот претставуваат главна моторна сила на развојот. Воедно овие гранки се и трудоинтезивни. Веднаш мораме да почнеме да работиме на создавањето на информатичко општество, да го зајакнеме овој сегмент на економијата, односно да ги поддржиме информатичките компании, да го приспособиме образованието да создава кадри какви што и се потребни на новата економија. Република Македонија мора да развива извозно ориентирана економија. Со цел да ги поддржам домашните стопански субјекти во нивните напори за освојување нови пазари, во годинава што изминува и помогнав особено на градежната оператива на Република Македонија да добие инвестициони работи во вредност поголема од 140 милиони долари. Истото го правам и со фармацевтската индустрија и наскоро и на ова поле очекувам конкретни резултати. Мојата поддршка ќе продолжи и понатаму. Ќе се залгам да им отворам нови пазари во странство. Со ова се надевам дека ќе им помогнам на овие значаји гранки за македонската економија. Ја повикувам и Владата и сите други државни интитуции да ми се придружат во овие напори.

Почитувани пратеници,

Обидот на СПЦ да создаде паралелен синод на туѓонационална православна црква во Македонија, со тенденција да се негира постоењето на Македонската православна црква во сопствената земја - длабоко ја потресе македонската јавност.

Во тој чин не беше тешко да ги видиме воскреснати туѓите освојувачки пропаганди од минатото, со кои и сега преку манипулација со верата се врши силен политички атак врз Македонската православна црква, македонскиот народ, македонскиот идентитет и врз македонската државност.

И покрај тоа што државата Србија и Црна Гора одамна го искажаа својот став кон македонската државност, неподготвеноста на некои српски црковни великодостојници да ја прифатат македонската реалност може да биде резултат само на недостаток на евангелската љубов, а тоа, пак, ги доведува под сомневање и посветеноста и искреноста во верата која тие ја проповедаат.

Почитувани пратеници

Во денешниот глобален свет, во кој е најважно знаењето и поседувањето на информациите, просперитетот на секоја држава зависи од квалитетот на образованието. Затоа образовната политика претставува клучно стратешко прашање преку кое се изразува визија за содржината и профилот на државата, нејзината организација и економска структура, но исто така и нејзиното место во светот и светската економија. Во оваа смисла образованието се наметнува како императив на времето во кое ние живееме. Инвестицијата во образованието и културата е инвестиција во иднината.

Денеска императив за државата мора да биде компјутерско описменување. За таа цел со задоволство можам да констатирам дека се реализира инцијатавата на претседателскиот комитет “Е-Македонија за сите”, за сите заедно со Министерството за образоваие и наука, за формирање на компјутерски лабаратории во секое средно училиште. Со овој проект секој завршен средношколец ќе биде компјутерски писмен.

Младите имаат потреба за нормален живот во мултикултурна, мултиетничка и мултијазична заедница. Наша е одговорноста тоа да им го овозможиме, при што не смееме да дозволиме да ги понесе идејата за нечија исклучивост или доминантност или загрозеност, која може да прерасне во меѓусебна омраза, нетрпеливост и конфликт. Најрешително ќе се спротивставам на ова, зошто знам и верувам во граѓаните на Република Македонија, верувам во сопствената земја, во која има простор за живот и иднина за сите.

Во прилог на дефинирањето како демократска држава мошне важна е констатацијата дека бројот и квалитетот на медиумите е во постојана експанзија. Она што сакам посебно да го нагласам е дека и произведувачите и дистрибутерите на информации, а се разбира и државните органи, се должни да информираат и да ги пренесуваат фактите на вистинит, транспарентен и пред се чесен начин. Само на тој начин јавноста ќе биде најдобро сервисирана, а демократијата во Македонија несомнено ќе добие нов квалитет.

Јакнењето на невладините организации претставува темел на формирањето на независна, граѓанска свест надвор од рамките на државата, но и во соработка со нејзините институции. Република Македонија во таа смисла може да се нареди меѓу државите во кои што граѓанските иницијативи имаа постигнато навистина високо рамниште. Секторот на граѓанско самоорганизирање се движи по нагорна линија.

Иако положбата на жената не е многу променета, дел од нивните цели се делумно постигнати, но постојат низа бариери и тешкотии што го спречуваат соодветното застапување на жената во сите сфери на општеството.

Здравјето и здравствената заштита не е грижа само на граѓаните, туку и перманентна грижа на државата. Сметам дека подигнувањето на квалитетот на здравјето на населението е можно доколку здравството, здравствената заштита и здравствената политика ја сообразат својата трансформација со можностите. Реформите во здравството мора да придонесат за поквалитетна здравствена заштита и за поефикасно користење на ресурсите кои ги имаме на располагање. Државата мора да поведе грижа и за лицата со посебни потреби.

Почитувани дами и господа,

И во изминатава година ми беше чест да ја вршам фукцијата Претседател Република Македонија. Понекогаш патот беше трнлив, другпат бев охрабрен од нашиот успех, но најважно е да останеме на курсот. За тоа треба дисциплина, напорна работа и посветеност, бидејќи таа задача не е лесна. Во текот на изминатава година забележав наплив на негативни емоции и енергија кај нашиот народ. Тоа не е добро за нашиот морал како граѓани и за перспективите на нашата државата. Се надевам дека во 2004 година кај секој граѓанин повторно ќе видиме будење на гордоста и целосен морален и духовен препород на Македонија. За таа ни малку лесна задача да биде остварена треба дисциплина, напорна работа, силна волја и целосна посветеност кон договорените цели. Навистина е можно да ги реализираме нашите желби ако работиме заеднички, во атмосфера на соработка,

толеранција и пријателство. Длабоко сум убеден дека следната година, на нејзиниот крај, ќе можеме да констатираме дека живееме подобро и посреќно од било кога во независна и самостојна Република Македонија.

Ви благодарам на вниманието и Ви ги честитам сите претстојни празници.

(Аплауз).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Му благодарам на претседателот на Република Македонија за неговото обраќање.

Со тоа, почитувани пратеници, дами и господа, ја заклучувам Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,05 часот).